european roma rights centre

# КОМИТЕТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА ОН ЈА ОСУДИ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА АНТИ-РОМСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА НА ГРАНИЦИТЕ




**Брисел, Скопје, 27 август 2025** — Европскиот центар за правата на Ромите (ЕЦПР) го поздравува значајното мислење на Комитетот за човекови права на Обединетите нации (КЧП), со кое е утврдено дека Северна Македонија ги прекршила правата на двајца граѓани Роми кои пред една деценија биле незаконски спречени да ја напуштат земјата.

Во своето мислење, Комитетот заклучи дека Северна Македонија извршила дискриминација врз Сенија Ќазимова (2015) и Алајдин Абдуловски (2014) на граничниот премин Табановце, кога гранични службеници им забраниле патување и покрај тоа што поседувале валидни пасоши и придружна документација. Г-ѓа Ќазимова, нејзиниот сопруг и ќерка беа единственото ромско семејство кое беше издвоено и спречено да патува во Франција во 2015 година, додека на г-дин Абдуловски во 2014 година му беше забранет излез кон Австрија, по што беше оставен пред граничниот премин среде ноќ, под изговор дека нема доволно средства.

Двајцата беа издвоени единствено затоа што се Роми, додека не-ромските патници непречено ги продолжија своите патувања.

Во случајот на г-ѓа Ќазимова, Комитетот утврди повреда на член 12(2) од МПГПП (правото да се напушти сопствената земја) и на член 26 од МПГПП (недискриминација). Во случајот на г-дин Абдуловски, Комитетот утврди повреда на член 26 од МПГПП. Северна Македонија е обврзана: да обезбеди соодветен надоместок и целосна

репарација за жртвите; да преземе системски мерки за спречување на вакви повреди во иднина; да ја објави и дистрибуира одлуката; и во рок од 180 дена да поднесе извештај за преземените мерки. Двајцата апликанти беа застапувани од Европскиот центар за правата на Ромите.

Овие случаи укажуваат на поширока пракса на етничко профилирање на граничните премини во Северна Македонија, каде што Ромите несразмерно беа стопирани и спречувани да ја напуштат земјата, често по неосновани причини.

Меѓу 2011 и 2015 година, ЕЦПР документираше 145 случаи во кои 442 Роми (322 возрасни и 120 деца) биле спречени да излезат од Северна Македонија. За да ги открие овие практики, ЕЦПР спроведуваше тестирања на границата, испраќајќи Роми и не-Роми со идентични документи и ресурси. Резултатите беа јасни: Ромите систематски беа издвојувани, испрашувани и често спречувани да патуваат, додека не-Ромите поминуваа без проблеми.

*„Оваа одлука претставува вистинска пресвртница за Ромите во борбата против расизмот на границата,“ изјави правната директорка на ЕЦПР, Сенада Сали. „Таа потврдува дека граничните практики насочени кон Ромите беа дискриминаторски и незаконски. Најважно е што одлуката ја засилува можноста на адвокатите и активистите да ги оспоруваат одлуките за недозволеност од Стразбур пред ОН и да бараат праведен надоместок, надвор од недоволните правни лекови достапни во домашните судови.“*

Оваа одлука е резултат на години застапување и судски постапки и се надоврзува на сè поголемото тело на меѓународна судска практика, вклучувајќи ја и пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот *Мемедова и други против Северна Македонија* од 2023 година, која исто така ги осуди граничните практики со несразмерни последици за Ромите.

ЕЦПР ја повикува Северна Македонија целосно да се усогласи со наредбите на Комитетот и да преземе суштински чекори за искоренување на системската дискриминација врз Ромите во граничната контрола и пошироко.

Мислењето на Комитетот за човекови права беше донесено на 9 јули 2025, а до ЕЦПР беше соопштено на 22 август 2025 година.

Ова соопштение за медиумите е достапно и на англиски јазик.

За повеќе информации или за да договорите интервју, контактирајте:

Сенада Сали
Правен директор
Европски центар за правата на Ромите
senada.sali@errc.org
+32 497 67 60 12

Џонатан Ли
Директор за застапување и комуникации
Европски центар за правата на Ромите
jonathan.lee@errc.org
+32 49 288 7679